# ECOSPORT



# ВИЗИОНЕРСКИ. ГЕНИЈАЛНО. ВПЕЧАТЛИВО. СЕКОЈ АВТОМОБИЛ ГО НОСИ НЕГОВИОТ ПОТПИС.

Henry Ford




**EcoSport ST-Line**
*со контрастен покрив во стандардна металик боја Shadow Black, плус опционална металик боја на каросеријата Tiger Eye и опционални легирани тркала од 18 инчи во Shadow Black.*

**EcoSport Titanium**
*со опционална металик боја на каросеријата Silk и опционални легирани тркала од 18 инчи во Flash Grey.*

## СОДРЖИНА


Вовед........................................02

Врвна внатрешност ..........................08
Ford SYNC 3...................................10
B&O PLAY .....................................12
Контрастно обоен покрив .....................14
Интелигентен погон на сите тркала............16
Предни светла HID со динамичко вртење ......18
Висока позиција за возење....................20
EcoSport ST-Line..............................22
Ford EcoBoost ................................24

Trend Plus....................................26
Business......................................28
Titanium .....................................30
ST-Line.......................................32

Впечатливи технологии на Ford ...............34
Бои на каросеријата на EcoSport ..............36
Персонализирање на надворешноста .........38
Тркала на EcoSport ...........................40
Облоги на EcoSport ...........................42
Дополнителна опрема.........................44

Спецификации..................................46
Димензии и капацитет.........................51
Следни чекори ...............................52


## СЕМЕЈСТВОТО FORD SUV


**EcoSport**


**Kuga**


**Edge**






# Оди секаде.
# Прави сè.

Одмор за викенд. Возење на работа. Брзи кратенки. Живописна патека... каде и да одите, Ford EcoSport ви испорачува забава и доверба на секое возење.

Целата груба функционалност на еден SUV. Целиот динамичен дух на компактно градско возило. Откријте комбинација на паметен дизајн, импресивен инженеринг, интелигентна технологија и мноштво возбудливи начини за персонализирање на вашиот EcoSport.

Просторен, атрактивен и атлетски: тоа е совршен SUV за градската аренаIntelligent All-Wheel Drive system (AWD) и уште многу повеќе.

Ford Ecosport Titanium со металик боја на каросеријата Silk и легирани тркала од 18 инчи во Flash Grey. (Опции)

## *Ставете уште внатре.*

EcoSport ви го дава целиот простор што ви треба за поддршка на активен стил на живеење. Разделивите задни седишта што можат да се склопат и превртат ви ги даваат просторот и флексибилноста за зголемување на просторот за товар. А практичните мали прегради за складирање ви овозможуваат уредно да ги сложите помалите предмети.






Излегувајте повеќе.

# *Вистинско место за престој.*

Софистицираната внатрешност на EcoSport ве опкружува со атрактивен дизајн, прекрасно изработени материјали и раскошни одлики за комфор. При тоа, цел опсег напредни технологии се под ваша команда, како електронска автоматска контрола на температуртата (EATC), систем за информирање за слепите точки, автоматски предни светла, плус SYNC 3 навигација и говорна контрола, кои водат сметка за сите мали детали овозможувајќи ви да се концентрирате на уживањето во возењето.

- Контролирајте ги музиката, навигацијата, телефонските повици и текстуалните пораки користејќи го само вашиот глас.
- Автоматските предни светла се дизајнирани да го детектираат намалувањето на нивото на природната светлина и да ги активираат предните светла за вас.



**Загреван управувач**
Со лесно активирање со притисок на копче, загреваниот управувач на EcoSport обезбедува дополнителен слој комфор помеѓу вас и ладната надворешност.

Внатрешност на Ford EcoSport ST-Line со седишта со лице од делумна кожа Miko Dinamica во Ebony и странични перничиња од кожа Salerno во Ebony.






# Запознајте го новиот најдобар пријател на вашиот телефон.

## Ford SYNC 3

Патувањата со автомобил не треба да претставуваат прекин на вашата поврзаност. Новиот **Ford SYNC 3** непречено се интегрира со вашиот паметен телефон овозможувајќи ви да контролирате сè, од телефонските повици и текстуалните пораки, до музиката и сателитската навигација – сè преку допирен екран од 8 инчи или преку извонредно едноставни говорни команди.

**Одлики на Sync 3:**

- Управување со вашиот телефон, музика, апликации и навигација со едноставни говорни команди
- Слушање на текстуалните пораки прочитани на глас
- Добивање јасни насоки на секое свртување до која било дестинација
- Преглед на извештаите за локалниот сообраќај или приспособување на поставките за преглед на цел екран, поделен екран или како 3D-мапа.
- Emergency Assistance† им помага на патниците да испратат на нивниот јазик повик за итен случај, за да ги известат службите за итни случаи за локацијата на возилото



**Applink, Apple CarPlay и Android Auto**
Контролирајте ги со AppLink апликациите компатибилни со SYNC, додека Apple CarPlay и Android Auto ви овозможуваат да се движите низ HMI на вашиот паметен телефон преку почетниот екран на SYNC 3, исто како да е вашиот телефон.



**Допирен екран**
Допирниот екран на SYNC 3 ги поддржува гестикулациите со повеќе точки на допир „листање“ и „зумирање со два прста“ и ви овозможува да ги уредите иконите на апликациите и заднината на екранот онака како што би ги уредувале на таблет или на паметен телефон. Исто така, можете да се префрлувате од дневен на ноќен режим и обратно и да подготвувате поставки за повеќе корисници.

**Имајте предвид:**
Целосна интеграција на SYNC 3 со паметен телефон е можна само со iPhone 5/Android 5.0 (Lollipop) или понова верзија. За некои функции на SYNC 3 потребна е податочна врска, така што може да се појават трошоци за мобилната податочна врска. За да проверите дали Apple CarPlay и Android Auto се достапни на вашиот пазар, проверете ги најновите информации на официјалните вебсајтови на Apple CarPlay и Android Auto.
†Ford Emergency Assistance е иновативна одлика на SYNC којашто користи мобилен телефон поврзан на мобилна мрежа и спарен преку Bluetooth® за да им помогне на патниците да воспостават повик со локалниот центар за комуникација, по судир на возилото во кој е активирано воздушно перниче или е исклучена пумпата за гориво. Оваа одлика функционира во повеќе од 40 европски земји и региони.




# Звучи како во живо со B&O PLAY.

## B&O PLAY

Каков и да е вашиот вкус за музика, од класика до модерни хитови, заслужува да звучи онака како што сака уметникот. Новиот восхитувачки аудио-систем на Ford со 675 вати и 10 звучници од B&O PLAY го дава токму тоа. Ексклузивно дизајниран и нагоден за EcoSport од страна на инженерите на B&O PLAY кои се специјалисти за акустика; тој го подобрува доживувањето при секое патување. А специфичните дизајни на звучниците совршено ја дополнуваат елегантната внатрешност на EcoSport.

- Калибрација на звукот според конкретниот модел
- Врвен аудиосистем со 10 звучници
- Нискотонец со две намотки
- Сараунд озвучување
- Излезна моќност од 675 W
- Уникатен дизајн B&O PLAY



*Вкоренети во богатото 90-годишно наследство на Bang & Olufsen, аудио-производите од B&O PLAY даваат звучна прецизност со врвен квалитет, преку препознатливите дизајни кои го предводат современиот стил.*



- Високотонец
- Среднотонец
- Нискотонец
- Нискотонец со две намотки



# Додајте повеќе стил.

## Контрастно обоен покрив+

Изберете од разновидната колекција на бои на каросеријата со контрастен покрив, комбинации на заден спојлер и странични ретровизори, плус опционални легирани тркала – наменети дополнително да ја подобрат прекрасната надворешност и да помогнат вашиот нов Ford EcoSport да биде уникатен како вас.

+Достапно само за ST-Line и Titanium со стандардни и избрани опционални бои на каросеријата.



Ford EcoSport ST-Line со боја на каросеријата Shadow Black (не е достапна) и контрастен покрив во Tiger Eye (лево); како и опционална металик боја на каросеријата Blue Lightning со контрастен покрив во Shadow Black (десно). Двете прикажани возила се со машински обработени легирани бандажи од 18 инчи во Shadow Black.



# Следете го сопствениот пат.

## Интелигентен систем за погон на сите тркала (AWD)

Интелигентниот систем за погон на сите тркала на Ford EcoSport постојано ја следи возната околина, оптимизирајќи ја влечната сила без оглед каква е површината, за да го насочи погонот кон тркалата онака како што е потребно. Екран на групата инструменти ја покажува големината на погонот што се пренесува на секое тркало, помагајќи ви да имате увид за каква било промена во условите на патот. (AWD-системот ќе биде достапен од мај 2018 година.)




Ford EcoSport ST-Line со акрилна боја на каросеријата Race Red, со контрастен покрив во Shadow Black и машински обработени алуминиумски бандажи од 18 инчи во Shadow Black. (Опции)
**Забелешка** Носачот за на покрив за скии/штица за снег прикажан на главната слика не е повеќе достапен за EcoSport.




# *Видете повеќе.*

## Ксенонски HID-предни светла

Ксенонските HID-предни светла на Ford EcoSport HID се повеќе од двапати помоќни од конвенционалните предни светла, но користат само две третини од енергијата. (Опција за Titanium и ST-Line)



**Видете и бидете видени од сите агли**
HID-предните светла ви даваат зголемена видливост во поши услови.

Ford EcoSport Titanium со опционална премиум металик боја на каросеријата White Platinum и опционални алуминиумски бандажи од 18 инчи во Flash Grey.



## *Преземете команда.*

EcoSport испорачува позадоволувачко, самоуверено возење. Со неговата висока позиција за возење која дава исклучителна видливост, гледате повеќе што се случува околу вас. Додадете на тоа 190 mm височина од тлото и баричките и дупките на патот за Вас ќе бидат детска игра.

- Висока позиција за возење
- Големо растојание до подлогата
- Зголемена видливост

Ford EcoSport ST-Line со Ford SYNC 3 со сателитска навигација и допирен екран од 8 инчи. (Опции)




ST-Line

# *Стилизиран за спорт.*

## EcoSport ST-Line

ST-Line ја испорачува целата динамична практичност на Ford EcoSport, со дополнителен атрактивен спортски инспириран стил. Уникатните браници и странични штитници ST-Line, алуминиумските бандажи во Dark Tarnish, брендирањето ST-Line на надворешноста, плус контрастниот покрив, задниот спојлер и страничните ретровизори – сите придонесуваат за уникатниот спој на употребливост и добар изглед во кој сите се загледуваат.

А оваа карактеристична елегантна слика се пресликува и во внатрешноста на ST-Line – преку нејзиниот уникатен управувач ST-Line обложен со кожа, црна влошка на рачката на менувачот и неговите спортски педали од не'рѓосувачки челик, кои сите го нагласуваат спортски инспирираниот карактер на нејзиниот дизајн.

Прикажаното возило е Ford EcoSport ST-Line со контрастен покрив во стандардна металик боја Shadow Black, плус опционална металик боја на каросеријата Tiger Eye и опционални алуминиумски бандажи од 18 инчи во Shadow Black.

## Приказната за повеќе моќност со помалку гориво.

**Ford EcoBoost. Меѓународен мотор за 2017 година за категоријата под 1 литар.**

Дијамантски цврстата облога на клипните прстени го намалува триењето; турбополначот, директното впрскување и променливото темпирање на вентилите ја зголемуваат ефикасноста. Резултатот се впечатливи перформанси од еден толку економичен бензински мотор. **Добитникот на меѓународната награда Мотор на годината** шест години по ред, 1-литарскиот Ford EcoBoost е достапен во верзии со 100 КС, 125 КС и 140 КС. (Верзијата со 100 КС не е достапна за EcoSport)

## Проектиран за економичност.

Со помош на **технологијата Ford ECOnetic**, најновите мотори на EcoSport имаат забележливо ефикасно искористување на горивото. Бензинскиот мотор 1.0 Ford EcoBoost со 125 КС со рачен менувач постигнува импресивни 5,2 L/100 km* комбинирана потрошувачка на горивото, со емисии на $CO_2$ од само 119 g/km*. Дизел-моторот EcoBlue од 1,5 литри со 100 КС е уште поштедлив, постигнувајќи комбинирана потрошувачка на горивото од 4,1 L/100 km, и емисии на $CO_2$ од само 107 g/km*.

Powered by FORD **EcoBoost**




*Бројки од тестовите со NEDC. За повеќе информации погледнете го делот Гориво и перформанси.

FORD **ECOSPORT** Модели

# Trend Plus

### Стандардни одлики на надворешноста

- Челични бандажи од 16 инчи со 5x2 краци во боја Sparkle Silver
- Халогени предни светла со дневни LED-светла
- Предни светла за магла комбинирани со трепкачи
- Загревани странични ретровизори со електричен погон, со трепкачи и куќишта во боја на каросеријата
- Полнење гориво без капаче Ford Easy Fuel

### Стандардни одлики на внатрешноста

- Управувач обложен со кожа со хромирани влошки
- Рачна сопирачка и рачка на менувачот обложени со кожа
- Централна конзола со лизгачки потпирач за рака
- Хромирани рачки за вратите
- Климатизирана касета
- Технологија MyKey
- Рачна климатизација
- Автоматско палење-гасење
- ICE Pack 16 - Радио, екран од 4,2 инчи, шест звучници, 2 USB-единици и контроли за радиото на управувачот

**Мотори**
**Бензин**
1.0 Ford EcoBoost (125 KC) рачен или автоматски менувач






- LED-светла за дневно возење



- Рамен под за товарот



FORD **ECOSPORT** Модели

# Business

### Стандардни одлики на надворешноста, дополнителни на одликите на Trend

- Загревани странични ретровизори со електричен погон и склопување со електричен погон, со трепкачи и куќишта во боја на каросеријата и светла за осветлување на тлото
- Шини на покривот со црн финиш
- Задни сензори за растојание за паркирање

### Стандардни одлики на внатрешноста, дополнителни на одликите на Trend

- Темпомат со ограничувач на брзина што може да се нагодува
- ICE Pack 22 - Радио, екран од 8 инчи, седум звучници, 2 USB-единици SYNC 3 со навигација и контроли за радиото на управувачот

**Мотори**
**Бензин**
1.0 Ford EcoBoost (125 KC) рачен или автоматски менувач






- Ford SYNC 3 со навигација



- Темпомат со ограничувач на брзина што може да се нагодува



FORD **ECOSPORT** Модели

# Titanium

### Стандардни одлики на надворешноста

- Алуминиумски бандажи од 16 инчи со 7 краци во боја Premier Aluminium
- Автоматски предни светла
- Загревани странични ретровизори со електричен погон, со трепкачи и куќишта во боја на каросеријата
- Шини на покривот со сребрен финиш
- Бришачи со сензори за дожд

### Стандардни одлики на внатрешноста

- Делумно кожени облоги на седиштата
- Темпомат со ограничувач на брзина што може да се нагодува
- ICE Pack 18 - Радио, допирен екран од 6,5 инчи, шест звучници, 2 USB-единици SYNC 3 и контроли за радиото на управувачот
- Екран во боја од 4,2 инчи во групата инструменти
- Прозорци со електричен погон со заедничко отворање/затворање
- Амбиентално светло
- Пајсни на праговите од не'рѓосувачки челик со лого EcoSport
- Стартување без клуч
- Климатизација со електронска автоматска контрола на температурата (EATC)

**Мотори**
**Бензин**
1.0 Ford EcoBoost (125 КС) рачен или автоматски менувач
1.0 Ford EcoBoost (140 КС) рачен менувач

**Дизел**
1.5 EcoBlue (100 КС) рачен
1.5 EcoBlue (125 КС) рачен






- Централен потпирач за рака со држачот за чаши опкружен со амбиентално светло




- Екран во боја од 4,2 инчи во групата инструменти



FORD **ECOSPORT** Модели

# ST-Line

### Стандардни одлики на надворешноста

- Алуминиумски бандажи од 17 инчи со 5 краци во боја Dark Tarnish
- Шини на покривот со црн финиш
- Црни рамки за предните светла
- Уникатни браници и странични штитници ST-Line
- Задни сензори за растојание за паркирање
- Автоматски предни светла и задни светла во спортски стил
- Бришачи со сензори за дожд

### Стандардни одлики на внатрешноста

- Пајсни на праговите на предните врати со натпис ST-Line
- Спортски педали со метални вложки
- Управувач обложен со кожа со црвени шевови
- Облога на рачната сопирачка и навлака на менувачот од кожа со црвени шевови
- Предни и задни патосници од велур со црвени шевови
- Стартување без клуч
- ICE Pack 18 - Радио, допирен екран од 6,5 инчи, шест звучници, 2 USB-единици SYNC 3 и контроли за радиото на управувачот
- Екран во боја од 4,2 инчи во групата инструменти
- Темпомат со ограничувач на брзина што може да се нагодува
- Климатизација со електронска автоматска контрола на температурата (EATC)
- Амбиентално светло
- Прозорци со електричен погон со заедничко отворање/затворање

**Мотори**
**Бензин**
1.0 Ford EcoBoost (125 KC) рачен или автоматски менувач
1.0 Ford EcoBoost (140 KC) рачен менувач

**Дизел**
1.5 EcoBlue (100 KC) рачен менувач
1.5 EcoBlue (125 KC) рачен менувач






- Црни рамки за предните светла



- Управувач обложен со кожа со црвени шевови






## Перки за менување степени на пренос

Автоматската трансмисија со шест степени на пренос дава непречено, релаксирачко возачко доживување, особено во густ сообраќај со многу запирања-тргнувања. Ако претпочитате, менувајте ги рачно степените на пренос со помош на перките за менување степени на пренос поставени на управувачот (достапни само со автоматски менувач)

## Сончев покрив

Сончев покрив на електричен погон дава поубав поглед на околината од комфорот на вашиот EcoSport. Слојот за одбивање сончеви зраци помага внатрешноста да се одржи ладна кога е затворен, а кога ви треба, внатрешната завеса обезбедува дополнителна сенка. (Опција за Titanium и ST-Line)





## Систем за информирање за слепите точки

Системот за информирање за слепите точки ве предупредува со дискретно светло за предупредување, вградено во страничните ретровизори на страната на возачот и на совозачот, кога ќе детектира влегување на друго возило – автомобил, комбе или камион – во ваша слепа точка додека возите. (Опција)



## Предни и задни сензори за растојание за паркирање

Со Ford EcoSport нема да мора да ги одминувате потешките места за паркирање. Звучното предупредување ви помага да го определите растојанието меѓу возилото и пречките назад, за полесно паркирање и маневрирање. (Достапно како дел од пакет опции, за Trend Plus, Titanium и ST-Line)





## Загревано ветробранско стакло Quickclear

Грејниот елемент вграден во ветробранот е дизајниран да го исчисти стаклото од мраз и кондензација за неколку секунди, дури и во најладните утра. (Опција како дел од пакетот Winter Pack 1)

## Кука за влечење што може да се отстрани

Како дополнителна можност за транспорт и товарање, куката за влечење може да влече до 1.100 kg во зависност од моторот. Куката за влечење може да се отстрани доколку не се користи. (Опција и дополнителна опрема)





***Frozen White***
*Акрилна боја на каросеријата**



***Race Red***
*Акрилна боја на каросеријата**



***Blazer Blue***
*Акрилна боја на каросеријата*



***Shadow Black***
*Металик боја на каросеријата**



***Moondust Silver***
*Металик боја на каросеријата**



***Silk***
*Металик боја на каросеријата**



***Tiger Eye***
*Металик боја на каросеријата**



***Magnetic***
*Металик боја на каросеријата**





***Burnished Glow***
*Металик боја на каросеријата**



***Ruby Red***
*Премиум металик боја на каросеријата**



***White Platinum***
*Премиум металик боја на каросеријата**



***Blue Lightning***
*Металик боја на каросеријата**

## Ние избравме Blue Lightning. Што ќе изберете вие?

EcoSport ја должи својата прекрасна издржлива надворешност на процесот на боење од повеќе фази. Од восочно инјектираните челични делови на каросеријата до заштитниот горен слој, новите материјали и процеси за нанесување гарантираат дека Вашиот EcoSport ќе го задржи својот добар изглед долги години.

*Со доплата.
Ford EcoSport е покриен со гаранцијата за перфорација на Ford 12 години од датумот на првата регистрација. Зависно од условите и одредбите.

**Забелешка** Прикажаните слики на автомобили се само за илустрација на боите на каросеријата и може да не ги одразуваат тековните спецификации или достапноста на производите на одредени пазари. Боите и облогите прикажани во брошурата може да се разликуваат од вистинските поради ограничувањата на користените печатарски техники.



Ford EcoSport ST-Line со контрастен покрив во стандардна металик боја Shadow Black, плус опционална металик боја на каросеријата Race Red и опционални алуминиумски бандажи од 18 инчи во Shadow Black.



# *Креирајте го вашиот совршен EcoSport.*

## Која е вашата омилена комбинација?

EcoSport ве остава да изберете од разновидната колекција на комбинации од бои. Употребете ја табелата подолу за да изберете опција за контрастен покрив, заден спојлер и страничен ретровизор достапни за дадените бои на каросеријата или употребете го QR-кодот за да ги погледнете сите комбинации онлајн.

| | Акрилни бои на каросеријата | | | Металик бои на каросеријата* | | | | | | | Металик бои на каросеријата Premium* | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Frozen White* | Race Red | Blazer Blue | Shadow Black | Moondust Silver | Silk | Tiger Eye | Magnetic | Burnished Glow | Blue Lightning | Ruby Red | White Platinum |
| **Боја на покривот** | | | | | | | | | | | | |
| **Titanium** | | | | | | | | | | | | |
| Shadow Black | ■ | | | | | ■ | ■ | | ■ | | ■ | |
| Frozen White | | | | ■ | | | | | ■ | | ■ | |
| **ST-Line** | | | | | | | | | | | | |
| Shadow Black | ■ | ■ | ■ | | | ■ | ■ | ■ | ■ | ■ | ■ | ■ |
| Frozen White | | ■ | | ■ | | | | | | ■ | | |
| Race Red | ■ | | | | | | | | | | | |
| Tiger Eye | | | | | | | | | | | | |

Достапно. ■



**16"**
***челичен бандаж со раткапна со дизајн со 5x2 краци во Sparkle Silver***
*(Стандардно за Trend Plus и Business)*



**16"**
***алуминиумски бандаж со 5 краци обоен во Magnetic***
*(Опција за Trend Plus и Business)*



**16"**
***алуминиумски бандаж со 7 краци со финиш Premier Aluminium***
*(Стандардно за Titanium)*



**17"**
***алуминиумски бандаж со 10 краци во Shadow Silver***
*(Опција за Trend Plus и Business)*



**17"**
***машински обработен алуминиумски бандаж со 10 краци во Flash Grey***
*(Опција за Titanium)*



**17"**
***алуминиумски бандаж со 5 краци во Dark Tarnish***
*(Стандардно за ST-Line)*



**18"**
***машински обработен алуминиумски бандаж со 5 краци во Flash Grey***
*(Опција за Titanium)*



**18"**
***алуминиумски бандаж со 5 краци во Shadow Black***
*(Опција за ST-Line)*







***Лице на седиште Dwell во Ebony, со странични перничиња Belgrano во Ebony***
*(Стандардно за Trend и Business)*



***Лице на седиште делумно од кожа Groove во Ebony, со странични перничиња делумно од кожа Salerno во Ebony***
*(Стандардно за Titanium)*



***Лице на седиште од кожа Salerno во Ebony, со mini perf. Странични перничиња од кожа Salerno во Ebony***
*(Опција за Titanium)*





***Лице на седиште од делумна кожа Miko Dinamica во Ebony, со странични перничиња од кожа Salerno во Ebony со црвени шевови***
*(Стандардно за ST-Line)*



***Лице на седиште од делумна кожа Miko Dinamica во Ebony, со странични перничиња од кожа Salerno во Ebony со сиви шевови***
*(Опција за ST-Line)*

## *Навалете се и опуштете се.*

Изгледот и допирот на врвните материјали ќе направат уште повеќе да ја цените неверојатната внатрешност на EcoSport. Раскошните предни седишта обезбедуваат исклучителен комфор и потпора, а исто така, големо внимание е посветено и на дизајнот и изработката на облогата на Ford EcoSport, за уште повеќе да го засилат вкупното доживување при возење.

## Корито за одделот за багаж

Издржливо корито, дизајнирано да го одржува одделот за багаж чист и уреден, идеално за превезување влажни или валкани работи. (Дополнителна опрема)

## Кука за влечење што може да се отстрани

Како дополнителен капацитет за транспорт и товарање, куката за влечење може да влече до 1.100 kg во зависност од моторот (за повеќе детали проверете кај продавачот на Ford). Куката за влечење може да се отстрани доколку не се користи. (Опција и дополнителна опрема)

## Заден носач на велосипеди Uebler+

Висококвалитетен носач на велосипеди што се монтира на куката за влечење со опционален практичен механизам за навалување (во зависност од моделот на носачот на велосипеди) за лесен пристап до одделот за багаж. (Дополнителна опрема)

## Носач на велосипеди на покрив Thule®+

Висококвалитетен и лесен за инсталација носач на велосипеди на покрив од Thule®. (Дополнителна опрема)

## Сандак за на покрив Thule®+

Дизајниран за носење разни товари и нивна заштита од временските услови и кражба. Сите понудени модели доаѓаат со двојно отворање за полесен пристап. (Дополнителна опрема, достапна во различни големини)

## Попречни летви за шини за на покрив

Цврстите попречни летви (се користат само со шини на покривот) ви овозможуваат лесно да пренесувате опсег од разни товари. (Дополнителна опрема)

## Калници

Калниците со приспособена форма помагаат да се заштити каросеријата на Ford EcoSport од камчиња и прскања од патот. Достапни како комплети за напред и назад. (Дополнителна опрема)

## Патосници за сите временски услови

Патосниците за сите временски услови со натпис Ford EcoSport се направени совршено да одговараат и да штитат од нечистотија и влага. Патосницата кај возачот е сигурно прицврстена директно на подот на возилото за да се спречи нејзино лизгање. (Дополнителна опрема).



+Ставка опфатена со гаранција од снабдувач од трета страна, погледнете ја задната корица за детали.

За повеќе опрема погледнете го онлајн каталогот за опрема на www.ford-accessories.com

За асортиманот на производи со брендот на Ford – од облека до производи кои го одразуваат вашиот стил на живеење и модели на автомобили – посетете го www.fordlifestylecollection.com
**Забелешка** Носачот за на покрив за скии/штица за снег прикажан на главната слика не е повеќе достапен за EcoSport.

# FORD **ECOSPORT** Бои и облоги

| | Акрилни бои на каросеријата | | | Металик бои на каросеријата* | | | | | | | Металик бои на каросеријата Premium* | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Frozen White* | Race Red | Blazer Blue | Shadow Black | Moondust Silver | Silk | Tiger Eye | Magnetic | Burnished Glow | Blue Lightning | Ruby Red | White Platinum |
| **Trend Plus Business** | | | | | | | | | | | | |
| **Облога и боја на лицето од седиштата:** Dwell во Ebony Black<br>**Облога и боја на страничните перничиња на седиштата:** Belgrano во Ebony Black<br>**Боја на таблата со инструменти горна и долна:** Ebony Black | ■ | ■ | ■ | ■ | | ■ | ■ | ■ | ■ | ■ | ■ | ■ |
| **Titanium** | | | | | | | | | | | | |
| **Облога и боја на лицето од седиштата:** Делумно кожа Groove во Ebony Black<br>**Облога и боја на страничните перничиња на седиштата:** Кожа/винил Salerno во Ebony Black<br>**Боја на таблата со инструменти горна и долна:** Ebony Black | ■ | ■ | ■ | ■ | | ■ | ■ | ■ | ■ | ■ | ■ | ■ |
| **Облога и боја на лицето од седиштата:** Кожа Salerno во Ebony Black<br>**Облога и боја на страничните перничиња на седиштата:** Mini perf. кожа/винил Salerno во Ebony Black<br>**Боја на таблата со инструменти горна и долна:** Ebony Black | ■ | ■ | ■ | ■ | | ■ | ■ | ■ | ■ | ■ | ■ | ■ |
| **ST-Line** | | | | | | | | | | | | |
| **Облога и боја на лицето од седиштата:** Делумно кожа Miko Dinamica во Ebony Black со шевови Generic Red<br>**Облога и боја на страничните перничиња на седиштата:** Кожа/винил Salerno во Ebony Black со шевови Generic Red<br>**Боја на таблата со инструменти горна и долна:** Ebony Black | ■ | ■ | ■ | | | ■ | ■ | ■ | ■ | ■ | ■ | ■ |
| **Облога и боја на лицето од седиштата:** Делумно кожа Miko Dinamica во Ebony Black со шевови Metal Grey<br>**Облога и боја на страничните перничиња на седиштата:** Кожа/винил Salerno во Ebony Black со шевови Metal Grey<br>**Боја на таблата со инструменти горна и долна:** Ebony Black | ■ | ■ | ■ | | ■ | ■ | ■ | ■ | ■ | ■ | ■ | ■ |

Достапно ■

*Металик боите на каросеријата и кожената облога се опции со доплата.





Ford EcoSport ST-Line со контрастен покрив во Tiger Eye, плус боја на каросеријата Shadow Black (не е достапно) и машински обработени алуминиумски бандажи од 18 инчи во Shadow Black. (Опции)

| | 1.0 Ford EcoBoost (125 KC (92 kW)) (со автоматско палење-гасење) | 1.0 Ford EcoBoost (125 KC (92 kW)) (со автоматско палење-гасење) | 1.0 Ford EcoBoost (140 KC (103 kW)) (со автоматско палење-гасење) | 1.5 Duratorq TDCi 100 KC (73 kW) (со автоматско палење-гасење) |
|---|---|---|---|---|
| **Теренско возило со 5 врати - ТЕШКА ПЛАТФОРМА** | | | | |
| Стандард Euro | Euro 6.1 | Euro 6.1 | Euro 6.1 | Euro 6.1 + DPF |
| Максимална моќност KC (kW) | 125 KC (92 kW) | 125 KC (92 kW) | 140 KC (103 kW) | 100 KC (73 kW) |
| Вртежен момент Nm (Nm со overboost) | 170 Nm (200 Nm) | 170 Nm (200 Nm) | 180 Nm (200 Nm) | 215 Nm |
| Емисии на $CO_2$ (g/km)øø | 119 | 134 | 119 | 107 |
| Менувач | Рачен со 6 степени на пренос | Автоматски со 6 степени на пренос | Рачен со 6 степени на пренос | Рачен со 6 степени на пренос |
| Погон | 4x2 | 4x2 | 4x2 | 4x2 |
| **Потрошувачка на гориво во L/100 kmøø** | | | | |
| Градска | 6,2 | 7,2 | 6,2 | 4,5 |
| Вонградска | 4,6 | 5,0 | 4,6 | 3,8 |
| Комбинирана | 5,2 | 5,8 | 5,2 | 4,1 |
| **Перформансиø** | | | | |
| Максимална брзина (km/h) | 180 | 180 | 188 | 160 |
| 0-100 km/h (секунди) | 12,7 | 11,6 | 11,8 | 14,0 |
| 50-100 km/h* (секунди) | 12,8 | н/п | 12,3 | 13,1 |
| **Маси и оптоварувања** | | | | |
| Маса на празно возило (kg)# | 1280 | 1324 | 1280 | 1288 |
| Бруто маса на возило (kg) | 1730 | 1775 | 1730 | 1735 |
| Бруто маса на композиција (kg) | 1280 | 1324 | 1280 | 1288 |
| Макс. маса на влечење (со сопирачки) (kg) | 900 | 1100 | 900 | 900 |
| Макс. маса на влечење (без сопирачки) (kg) | 750 | 750 | 750 | 750 |

*Во 4 степен на пренос. *Прелиминарни податоци што треба да се потврдат. øБројки од тестирања на Ford. øøДекларираните потрошувачки на гориво/енергија, емисии на $CO_2$ и опсегот со електричен погон се мерени според техничките барања и спецификации од европските регулативи (ЕС) 715/2007 и (ЕС) 692/2008 како што се последен пат изменети и дополнети. Потрошувачката на гориво и емисиите на $CO_2$ се специфицирани за моделот на возилото, а не за поединечно возило. Применетата стандардна постапка за тестирање овозможува споредување меѓу разни типови возила и различни производители. Освен ефикасноста во искористувањето на горивото на возилото, исто така и однесувањето при возењето како и други нетехнички фактори играат улога при одредувањето на потрошувачката на гориво/енергија на возилото, емисиите на $CO_2$ и опсегот со електричен погон. $CO_2$ е главниот стакленички гас одговорен за глобалното затоплување. Упатство за економијата на горивото и емисиите на $CO_2$ кое содржи податоци за сите нови модели патнички автомобили е достапно бесплатно на сите продажни места. DPF = филтер за дизел-честички. BP Ultimate може да ја зголеми моќноста и забрзувањето, да го намали испуштањето на гасови и да ја подобри економијата на гориво, споредено со обичните горива.

#Ја претставува најмалата маса на празно возило сметајќи возач од 75 kg, со целосно наполнети течности и 90% гориво, во зависност од производните толеранции и вградените опции, итн. Перформансите и економичноста на сите модели се намалуваат кога се користат за влечење. Максималната граница на масата на товарот на покривот е 40 kg за сите модели.





## *Најмоќниот*

**1.0 Ford EcoBoost (140 KC)**
**$CO_2$ емисија 119 г/км**

## *Најниска емисија*

**1.5 TDCi (100 KC)**
**$CO_2$ емисија 107 г/км**



| | |
|---|---|
| Вкупна должина без резервно тркало (mm) | 4096 |
| Вкупна ширина со ретровизори/со склопени ретровизори/без ретровизори (mm) | 2057/1816/1765 |
| Вкупна висина (без товар) со/без шини на покривот (mm) | 1713/1653 |
| Агол на приставување (ненатоварено возило) | 21,0º |
| Агол на заминување (ненатоварено возило) | 33,3º |
| Агол на преминување нерамнина (ненатоварено возило) | 23,3º |
| Растојание до подлогата ненатоварено/целосно натоварено | (160/137 дизел) (190/164 бензин) |
| Круг на вртење – тротоар до тротоар (m) | 10,6 |
| Меѓуоскино растојание | 2519 |
| Растојание меѓу предните тркала (мин. макс. (во зависност од исфрленоста на тркалата)) | 1530 |
| Растојание меѓу задните тркала (мин. макс. (во зависност од исфрленоста на тркалата)) | 1522 |
| **Капацитет за багаж (литри)‡** | |
| Формат со 5 седишта (натоварено до полицата) | 356 |
| Формат со 5 седишта (зависно од аголот на задните седишта) (натоварено до полицата) | 334 |
| Формат со 2 седишта (натоварено до покрив) | 1238 |
| **Димензии на просторот за багаж** | |
| Максимална висина на отворот за товарање | 881 |
| Максимална ширина на отворот за товарање | 1022 |
| Максимална товарна висина (до покрив/до прекривка) | 1010/605 |
| Ширина на товарање меѓу куќиштата на тркалата | 950 |
| Должина на товарање на подот до вториот ред | 691 |
| Должина на товарање до првиот ред (преклопени потпирачи за грб на вториот ред седишта) | 1369 mm при 15,8º |
| Висина на подигнување од работ на тротоарот (ненатоварено) | 627 |
| **Капацитет на резервоарот за гориво (литри)** | |
| Бензин | 52 |
| Дизел | 52 |
| **Внатрешност, прв ред** | |
| Простор за главата (без сончев покрив) | 1008 |
| Простор за нозете (максимален со седишта во најзадна положба на средна висина) | 1116 |
| Простор за рамената | 1355 |
| **Внатрешност, втор ред** | |
| Простор за главата | 971 |
| Простор за нозете (номинално со предните седишта во 95% положба SAE) | 933 |
| Простор за рамената | 1302 |

‡Мерено во согласност со ISO 3832. Димензиите може да се разликуваат во зависност од моделот и од поставената опрема.





## Ретровизори со склопување со електричен погон

Куќишта на страничните ретровизори што уредно се склопуваат за паркирање на тесни места. На електричен погон за дополнителна удобност.









## Разделни задни седишта кои се преклопуваат и превртуваат

Разделете ги надолу задните 60:40 седишта и добивате 1.238 литри простор во задницата. Седиштата исто така можат да се превртат напред за да направат место за повисоки објекти.

## пробајте

Посетете го продавачот на Ford и самите возете го Ford EcoSport за проба.

## составете

Посетете го продавачот на Ford за да го составите вашиот нов Ford EcoSport и да ја утврдите цената.

## финансирање

Кога станува збор за финансирање на вашиот автомобил, нашата големина и експертиза значат дека ние сме добро поставени за да ви обезбедиме широка палета финансиски производи.

Ford Credit обезбедува палета финансиски производи за вашиот автомобил, без оглед дали сте индивидуален или деловен корисник.

Ford Lease е специјализиран за договори за изнајмување и лизинг и обезбедува алтернативна палета на финансиски планови кои може да се приспособат да одговараат на вашиот бизнис. Само за деловни корисници.

## поседување

Кога ќе заминете во вашиот нов автомобил, ние сме цело време со вас. Ford има голема овластена сервисна мрежа за да ви помогне да го одржите вашиот автомобил во најдобра состојба.

А доколку на вашиот Ford кога било му затреба поправка од незгода, Центарот за поправки од незгоди на Ford е најдоброто место за враќање на вашиот автомобил во состојба како пред незгодата и да се вратите на патот што е можно побрзо.





**Илустрации, описи и карактеристики.** Брошурата беше точна во времето на печатењето. Меѓутоа, Ford има политика на постојан развој на производите. Правото за менување на карактеристиките, боите и цените на моделите и ставките илустрирани и опишани во ова издание во кое било време е задржано. За најновите детали, секогаш посоветувајте се со својот продавач на Ford. **Опционална опрема.** Во цело ова издание, каде и да има некоја карактеристика опишана како „опција“ или „опционална опрема/пакет“, треба да претпоставите дека е со доплата на основното возило, освен ако изрично не е наведено спротивното. Сите модели и комбинации на бои зависат од достапноста. **Забелешка.** Некои слики претставени тука се модели од пред-производство и/или се компјутерски направени, затоа конструкцијата/одликите на конечните верзии на возилото може да се разликуваат во разни погледи. Освен тоа, некои од одликите прикажани на возилата може да се опционални. **Забелешка.** Брошурата содржи оригинална опрема на Ford, како и асортиман производи од нашите снабдувачи. ✚Идентификуваните додатоци се внимателно избрана опрема од други снабдувачи со нивни марки што не спаѓаат под гаранцијата Ford, но се покриени со гаранцијата на самиот производител, за којашто може да се известите кај својот продавач на Ford. **Забелешка.** Зборот-марката Bluetooth® и логоата се сопственост на Bluetooth SIG, Inc. и употребата на тие марки од страна на Ford Motor Company Limited е лиценцирана. Зборот и логоата iPod се сопственост на Apple Inc. Другите трговски марки и трговски имиња им припаѓаат на нивните сопственици. **Забелешка.** Некои функции за помош на возачот и за безбедност опишани во брошурава се конструирани да функционираат со помош на сензори чии работни ефекти може да се помали во одредени климатски и услови на околината.

Ова меѓународно издание на брошурата е само за општо информирање, опишаните спецификации не се релевантни за кој било посебен пазар. Можно е во илустрациите или текстот да се дадени упатувања кон модели, одлики или услови што не се достапни на некои територии, било како стандардна опрема или опција. Освен тоа, може да не се наведени некои специјални функции што се достапни. Затоа, секогаш посоветувајте се со нашиот продавач на Ford за најновите детали на спецификациите и тековните цени.

Кога ќе ја прочитате брошурава, ве молиме да ја рециклирате.

Sub 1-litre
Ford 1.0 litre EcoBoost

Издавач: Ford Motor Company Limited,
Brentwood, Essex, England.
Регистрирана во Англија под бр. 235446.
BJN 206000. FoE Y63R.
0418/EDM mk
Ноември 2017 година.
© Ford Motor Company Limited.

MY 2017.75 EDM mk




www.ford.mk

Go Further